| | |
|---|---|
| **Неделна Тема** | Што имам јас |
| **Содржина на денот** | Нашите сетила и делови на лицето и телото |
| **Возраст** | 2-3 години |
| **Воспитувач** | Александра Балшиќевска |
| **Дневни активности** | |
| **Здрави и безбедни навики** | Разговор со практична примена за правилно миење на рацете со сапун и вода и слушање на песничката „Јас раце си мијам“ ( во прилог линк од песната: https://www.youtube.com/watch?v=lP8brxdIn3A). |
| **Активности** | Активноста започнете ја со игра со кукла, така што на тој начин детето најлесно и најбрзо ќе може да се запознае со деловите на лицето и телото. Можете и да го запознаете детето со деловите на телото и на лицето и со помош на слика. Започнете со разговор за деловите на телото (раце, нозе, глава и сл.).<br>Исто така преку игра запознајте го детето како ги користиме деловите на телото, на пример: ајде да се поздравиме (се поздравуваме со раце), ајде да ја шутнеме топката ( за да можеме да ја шутнеме топката ги користиме нозете и сл). Потоа продолжете со разговор по слика или со игра со кукла и запознајте го детето со деловите на лицето ( очи, нос, уста). Поттикнете го детето да ги поовтори деловите на лицето со покажување и изговарање.<br>Потоа земете едно овошје ( портокал, мандарина, јаболко или пак некое омилено овошје на детето), нека го набљудува -овошјето го гледаме со очите, а потоа нека го помириса со носот и на крајот нека го вкуси со устата. Доколку има детето интерес направете го тоа со повеќе овошни, но може и со зеленчукови плодови.<br>Активноста може да ја завршите со слушање на песната „Моето тело“ (во прилог линк од песната:<br>https://www.youtube.com/watch?v=SZWknrQrW1I). |